ИЗВЕШТАЈ

ОД ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ЗАСТАПЕНОСТ НА ДИСЛЕКСИЈАТА ПОМЕЃУ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Здружение за дислексија Дислексија

www.disleksija-info.com

ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ЗАСТАПЕНОСТ НА ДИСЛЕКСИЈАТА ПОМЕЃУ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2018

Издавач: Здружение за дислексија “АЈНШТАЈН” Скопје

Автори: Дамјан Николовски
Орхидеја Шурбановска
Славица Тасевска Николовска

Уредник: Марија Анчевска - Гиовска

Лектура: Денис Бојаров

Ликовно-графичко обликување: Мартин Трајановски

Тираж: 100 примероци
Бесплатен - некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

159.953:616.89-008.434.53]:373.5-057.874(497.7)(047)
376-056.264:373.5-057.874(497.7)(047)

НИКОЛОВСКИ, Дамјан
Извештај од истражување за застапеност на дислексијата помеѓу средношколците во Република Македонија / [автори Дамјан Николовски, Орхидеја Шурбановска, Славица Тасевска Николовска]. - Скопје : Здружение за дислексија Ајнштајн, 2018. - 24 стр. : табели ; 30 см

Библиографија: стр. [19]. - Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-66138-1-5
1. Шурбановска, Орхидеја [автор] 2. Тасевска Николовска, Славица [автор]
а) Дислексија - Средношколци - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 106137866

Проектот "Инфо Сид за дислексија" е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на проектот на УСАИД за Граѓанско учество. Содржината е одговорност на Здружението за дислексија АЈНШТАЈН, и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

СОДРЖИНА

Вовед 5
Теоретска основа на истражувањето 6
Цел и проблем на истражувањето 8
Хипотези 9
Метод 9
Табела 1. Приказ на испитаниците според региони, уличишта, пол и националност 11
Тек на истражувањето 12
Резултати 13
Табела 2. Присуство на знаците на дислексија кај учениците изразено преку фреквенции и проценти во различни средни училишта во Република Македонија 14
Табела 3. Фреквенции и проценти на дислексијата кај учениците од гимназиско и средно стручно образование 15
Табела 4. Фреквенции и проценти на дислексијата кај машки и женски ученици 15
Табела 5. Фреквенции и проценти на дислексијата по национална основа 15
Табела 6. Фреквенции и проценти на дислексија од онлајн тестирање 15
Заклучок 17
Препораки 18
Литература 19
Прилог 1 20

ВОВЕД

Дислексијата е состојба при која мозокот различно ги процесира пишаниот или говорниот јазик. Оваа состојба примарно се поврзува со тешкотии во читањето, но таа може да влијае и на пишувањето, спелувањето, а понекогаш и на говорот. Лицата со дислексија можат да ги разберат комплексните идеи, но потребно им е повеќе време за анализа на поединечните информации и детали. Според светските статистики голем број ученици се соочуваат со ваков вид тешкотии. Во Република Македонија досега не е извршено истражување за застапеноста на дислексијата кај учениците ниту, пак, постоел инструмент за нејзина проценка, наменет за македонската и албанската популација на ученици. Родителите, наставниците и педагошко-психолошките служби во училиштата, но и самите ученици не се доволно информирани за оваа состојба кај учениците. Сето ова укажува на потребата за истражувачки и апликативни дејности, со цел да се детектира дислексијата кај учениците, како и да се изврши обука на соодветни кадри: наставници, психолози и педагози за пристапот во поучувањето на учениците со оваа состојба. Но, сепак, најважно е да се зголеми свеста кај учениците за постоење на оваа состојба и, евентуално, нејзина проценка кај себе, сè со цел и самите ученици да си помогнат и да ги надминат тешкотиите во учењето, со посебен пристап во нивното учење. Сето тоа би влијаело и на зголемување на самодовербата и мотивацијата за учење кај учениците со дислексија, но и користење на придобивките од дислексијата, како што се креативноста и различниот начин на размислување.

За да се започне испитувањето на дислексијата кај учениците во Република Македонија, пред сè беше потребно да се изврши истражување за застапеноста на оваа состојба кај учениците во нашата земја. Според тоа, една од целите на проектот „Инфо-ѕид за дислексија“ е токму спроведување на истражување за застапеноста на дислексијата во различни степени кај учениците. Во статистичките податоци на повеќе држави ширум светот, се покажува процентуална застапеност на дислексијата кај околу 10 до 15% од населението, во зависност од јазичното говорно подрачје. Поради тоа се очекува да се добие сличен процент и во нашата земја.

За остварување на овие цели беше подготвен тест за проценка на дислексија, наменет за учениците од средните училишта во нашата земја. Се испитуваа и претпоставките дека показатели за дислексијата повеќе имаат машките отколку женските ученици. Бидејќи оваа појава е поврзана со јазично-говорното подрачје, исто така беше испитана преваленцијата на дислексијата помеѓу учениците Македонци и учениците Албанци. Исто така, сметавме дека и изборот на средно училиште е поврзано со постоење на дислексијата кај учениците, при што очекувавме овие ученици повеќе да ги одбираат средните училишта во кои се развиваат различни вештини за занаети и струки.

Бидејќи сме сè уште во фазата на актуализација на овој проблем, крајната цел на ова истражување е да произлезат препораки за Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование и Локалните власти, од кои придобивки ќе имаат наставниците, педагошко-психолошките служби и самите ученици коишто се соочуваат со тешкотии во учењето.

ТЕОРЕТСКА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Зборот дислексија потекнува од грчкиот збор „dys“ – што значи тешкотија, и „lexis” – што значи јазик; или дислексија може да има значење „тешкотии со зборови“. За дислексијата не постои унифицирана дефиниција – различни држави употребуваат различни зборови за состојбата која предизвикува тешкотии во процесот на учење, посебно при: читање, спелување, пишување и понекогаш математика. Големиот број различни дефиниции за дислексијата произлегува од различните претпоставки за причините поради кои постои таа. Сепак, сите се согласуваат со ефектите што произлегуваат од оваа состојба. Во светски рамки најопшто прифатена дефиниција е на Британската асоцијација за дислексија, која ја дефинира дислексијата како потешкотија во учењето што првенствено ги засегнува вештините за прецизно и течно читање и пишување на зборовите. (http://www.bdadyslexia.org.uk/dyslexic/definitions)

Влијанието на дислексијата како бариера при учење најчесто се одразува во:

- **Аудитивно и/или визуелно процесирање на информациите што се поврзани со пишаниот и говорниот јазик;**
- **Фонолошка свесност;**
- **Говорно-јазични вештини и флуентно читање;**
- **Краткотрајна и работна меморија;**
- **Секвенционирање и просторна ориентација;**
- **Вештини со броеви и количини;**
- **Организациски вештини;**
- **Однесување.**

Дислексијата не е предизвикана од лоши училишта, не е предизвикана од лоша наставна практика, од несовесни родители или, пак, од тешки услови за живот во домашната средина. Овие фактори може да ги направат работите потешки за еден ученик со дислексија, но никако не може да предизвикаат ученикот да развие дислексија.

Важно е да се нагласи дека не сите тешкотии при учењето се предизвикани од дислексијата. Еден ученик може да има тешкотии при учење предизвикани и од други фактори што не се поврзани со дислексија, како што се: оштетен вид, оштетен слух, фактори во раното детство што влијаат на адаптацијата на детето во училиште, несоодветен начин на поучување, јазично-говорни тешкотии, социјални и културолошки фактори, емоционални причини, интелектуална достаточност и друго.

Важно е да се нагласи дека дислексијата не претставува болест и во никој случај не треба да се зборува за дислексијата како „дијагноза“ што претставува медицински термин. Кога се зборува за состојбите со отежнато читање и пишување, треба да се зборува за идентификација или препознавање на дислексијата како тешкотија.

Родителите, класните раководители, како и училишните психолози и педагози треба да работат и да разговараат со ученикот во врска со одлучувањето дали терминот дислексија треба или не треба да се користи, откако е препознаена дислексијата кај ученикот. Во секој случај, треба да се земат предвид индивидуалните и општествените околности при донесување ваква одлука. Важно е за ова прашање да се разговара со родителите и со детето за да се утврдат дали и кога сакаат да се користи овој термин.

Голем број деца што имаат проблеми со читањето и пишувањето, често се етикетирани како глупави, мрзеливи, а во некои случаи и како ученици со ментална попреченост. Со оглед на фактот дека учениците со дислексија се со просечна и најчесто со натпросечна интелигенција, разбирливо е дека ќе доживуваат фрустрации и лоша слика за себе, што понатаму може да се рефлектира и во начинот на однесувањето.
Сепак, именувањето на еден ученик како дислексичар има и одредени ризици, особено во услови на недоволни познавања на состојбата од нивните наставници и недоволно развиената свест и неинформираност за дислексијата кај учениците и родителите. Едукацијата на наставниците, психолозите, педагозите и дефектолозите е круцијален фактор за решавање на овој проблем и за подобрување на условите за образование на децата со дислексија. (Тасевска Николовска, 2017)

Профил на средношколец со дислексија

Доколку дислексијата навремено не се забележи кај учениците во основно образование, тогаш тоа е уште потешко да се забележи кај средношколците. Ако во првите девет години од образованието ученикот ги покажувал знаците на дислексија, како што се: испуштање букви, нефлуентно читање, бавно читање или неразбирање на прочитаното – тогаш, веројатно, како средношколец ќе прави напори и ќе смислува одбранбени стратегии за да ги прикрие тие недостатоци. Токму тие стратегии го спречуваат препознавањето на дислексијата, а со тоа и коригирање на состојбата. Најчести стратегии што ги применуваат средношколците што имаат дислексија се:

- Симулирање болест (главоболка, болки во стомакот и сл.);
- Бегање од часови;
- Непримерно однесување заради одвлекување на вниманието на наставникот и соучениците во, за нив, „безбедна зона“;
- Учење напамет, без разбирање;
- Заземаат став пред соучениците дека други работи се поважни од образованието;
- Предаваат празни писмени работи;
- Одбиваат да одговараат на прашања на наставникот, иако го научиле градивото, ја наведнуваат главата и молчат;
- Изнаоѓаат различни изговори за да не одат на училиште;
- Често се снаоѓаат за друг да ја сработи нивната задача;
- Често остваруваат другарства со деца пред кои не мора да читаат или пишуваат.

Од друга страна, пак, Neil MacKay (2005) – Креаторот на концептот за „Dyslexia friendly school”, ја опишува дислексијата како разлика во учењето која може да предизвика тешкотии при стекнувањето одредени вештини. Бидејќи дислексијата претставува континуитет, не сите ученици со дислексија ќе се соочуваат со исти тешкотии при учењето ниту, пак, исто ќе се однесуваат.

Учениците со дислексија имаат силни страни или тешкотии во различни домени, во помала или поголема мера. Ова зависи од видот и степенот на дислексијата, од возраста на ученикот и од видот на образовната поддршка што ја добива. Многу е важно да се нагласи дека често тешкотиите што ги имаат учениците со дислексија се избалансирани со одредени предности карактеристични за нив (McGregor, 2007; Neil MacKay, 2005), како што се:

- Ефективни орални презентации;
- Добри концептуални способности;
- Способности за решавање на проблемите;
- Живописна имагинација;
- Креативно размислување;
- Аналитичко размислување;
- Способност да се види „поголема слика“;
- Силно развиена интуиција.

Подеднакво е важно да бидат препознаени и тешкотиите и предностите на ученик со дислексија. Со правилен педагошки пристап, учениците со дислексија можат да постигнат одличен академски успех и да ги остварат своите потенцијали.

ЦЕЛ И ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел

Целта на истражувањето е:

- Да се испита колкав процент од учениците во средните училишта (прва година) покажуваат знаци на дислексија;
- Да се испита застапеноста на дислексијата кај учениците од гимназиско и средно стручно образование;
- Да се испита процентуалната застапеност на учениците со умерена и изразена форма на дислексија во различни средни училишта од 8-те плански региони на Република Македонија;
- Да се испита изразеноста на дислексијата кај учениците од различни националности (Македонци и Албанци);
- Да се испита застапеноста на дислексијата кај машките и женските ученици;

Проблем

Како истражувачки проблем се постави прашањето:

- Во колкав процент е изразена дислексијата во средните училишта?
- Колкава е застапеноста на дислексијата кај учениците од гимназиско и средно стручно образование?
- Колкава е застапеноста на дислексијата кај учениците во различните средни училишта од 8-те плански региони на Република Македонија?

- **Колкава е изразеноста на дислексијата кај учениците од различна национална припадност (Македонци и Албанци)?**
- **Колкава е застапеноста на дислексијата помеѓу машките и женските ученици?**

ХИПОТЕЗИ

Во истражувањето беа поставени следните хипотези:

Хипотеза 1 – **Се очекува дислексијата во средните училишта да биде изразена кај околу 10 до 15% од учениците, а изразената форма на дислексија да биде застапена кај околу 2 до 4% од учениците.**

Хипотеза 2 – **Се очекува кај учениците од средното стручно образование да има поголема застапеност на дислексијата во однос на учениците од гимназиското образование.**

Хипотеза 3 – **Се очекува кај учениците од албанска националност да има поголема застапеност на дислексија отколку кај учениците од македонската националност.**

Хипотеза 4 – **Се очекува кај машките ученици да има поголема застапеност на дислексијата отколку кај женските ученички**

МЕТОД

Метод во истражувањето

Во ова истражување се користеше дескриптивен метод, односно опис на состојбата за застапеноста на дислексијата во средните училишта во Република Македонија.

Инструмент

За целта на истражувањето се изработи прашалник за проценка на дислексија – „Тест за проценка на дислексија“ од страна на лиценциран тренер за дислексија Славица Тасевска Николовска и Проф. Д-р Орхидеја Шурбановска од Институтот за психологија при Универзитето Св. Кирил и Методиј (Прилог 1). Тестот содржи 30 прашања кои се однесувааат на показателите на дислексијата. Пример “Применувам трикови за да избегнам читање на глас за време на часот”, „Во основно училиште бев исмеван поради моето читање“. Учениците одговараа на 4 степена Ликертова скала од 1-воопшто не се однесува на мене до 4-често се однесува на мене. Тврдењата во прашалникот се бодуваа на следниов начин: Од прво до седумнаесетто тврдење се бодираа од 1 до 4 (од најмногу до најмалку), од осумнаесетто до триесето тврдење се бодираат од 2 до 8. Резултатот за проценка на дислексија се добива преку вкупниот скор добиен на тестот. Минималниот скор на тестот изнесува 43, додека максималниот скор изнесува 172. Изработена беше класификација на скоровите која покажува степен на постење на дислексија кај учениците. Притоа од 43 до 85 не покажува знаци на дислексија, од 86 до 129 покажува умерена дислексија и од 129 до 172 покажува знаци на изразена форма на дислексија.

Со статистичка обработка на тестовите зададени на 2328 испитаници за релијабилноста на тестот се доби Crombach`s Alpha 0,85. Тоа покажува дека тестот е доследен за мерење на степеност на изразеноста на дислексијата кај учениците. Исто така беше направено и ајтем анализа која покажа дека сите трвдења во прашалникот се конзистентни во насока на проценка на дислексијата.

За да се провери валидноста на инструментот се спроведе онлајн тестирање на два теста за дислексија од кои првиот беше од авторите Смит и Еверет (Smythe & Everatt, 2001) кој се користи во Република Србија како валиден тест за проценка на дислексија, а вториот изработен од Николовска Тасевска и Шурбановска (2017) за целите на истражувањето. Се направи корелациска анализа која покажа статистички значајна поврзаност на двата теста (r=0.72), кој е дополнителен доказ за валидноста на тестот .

Тестот беше преведен и прилагоден на Албанскиот јазик и применет на Албанската популација на ученици. Минималната возраст за која што е конструиран тестот за проценка на дислексијата е 13 години.

Испитаници

Во истражувањето беа вклучени ученици од I година средно образование (15 – 16 годишна возраст) од 8 плански региони во Република Македонија. Анонимноста на учениците беше задржана во текот на целото истражување. Во истражувањето беа опфатени учениците од I година од 15 средни училишта во Република Македонија. Во истражувањето беа опфатени и ученици Албанци, со цел да се докаже застапеноста на дислексијата помеѓу средношколците од оваа етничка заедница, поради поставената хипотеза дека ќе се докаже разлика во застапеноста на знаците на дислексијата. Вкупно беа испитани 2328 ученици, од кои 1178 машки и 1150 женски ученици. Од испитаните ученици 1757 беа Македонци, 571 ученици Албанци. Во истражувањето се опфатени вкупно 15 средни училишта, од кои 5 гимназии, 4 средни училишта со гимназиско и стручно образование и 6 стручни средни училишта. (Табела 1)

Табела 1. Приказ на испитаниците според региони, училишта пол и националност

Плански регион	Град	Средно училиште	Број на машки испитаници	Број на женски испитаници	Број на Македонци испитаници	Број на Албански испитаници	Вкупен број на испитаници
Скопски	Скопје	СУГС Никола Карев	127	132	259	0	259
	Скопје	СУГС Зеф Љуш Марку	150	147	0	297	297
Вардарски	Велес	ОСУ "Јовче Тесличков"	25	38	63	0	63
	Кавадарци	СОУ "Добри Даскалов"	52	94	146	0	146
Полошки	Тетово	ССОУ "Моша Пијаде"	137	9	42	104	146
	Гостивар	СЕОУ „Гостивар"	39	22	0	61	61
Источен	Штип	СОУ "Славчо Стојменски"	22	57	79	0	79
	Кочани	СОУ "Љупчо Стантов"	62	69	131	0	131
Југозападен	Струга	СОУ "Др. Ибрахим Темо"	86	95	75	106	181
	Охрид	ОСУ "Св. Климент Охридски"	77	127	204	0	204
Североисточен	Куманово	ОСТУ "Наце Буѓони"	130	80	210	0	210
	Крива Паланка	СОУ "Ѓорче Петров"	48	39	87	0	87
Југоисточен	Гевгелија	СОУ "Јосиф Јосифовски"	97	84	181	0	181
Пелагониски	Прилеп	СОЕПТУ "Кузман Јосифовски Питу"	43	39	82	0	82
	Битола	СОУ "Јосип Броз Тито"	70	115	185	0	185

ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тестирањето започна во месец септември и траеше до крајот на декември 2017 година. Во текот на овие четири месеци кои беа предвидени во рамки на проектот „Инфо-сид за дислексија“ опфативме 8 региони на Македонија, од кои беа издвоени 15 средни училишта. Пред да почне тестирањето во училиштата, проектниот тим одржа состанок со Министерката за образование и наука - проф. д-р Рената Треневска Десковска, на кој детално беше презентиран проектот, неговите цели и активности, како и потребата проектот да биде поддржан од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Училиштата беа избрани како пригоден примерок, односно според согласностите дадени од самите средни училишта, со согласност од МОН.

Во септември беа опфатени Полошкиот, Скопскиот, Источниот и Североисточниот плански регион. Истражувањето започна во училиштето ССОУ „Моша Пијаде“ (ученици од македонска и албанска националност) од Тетово, каде што се спроведе истражување на ученици од прва година, со помош на училишните професори Душко Перински и Небојша Трпковски. Истражувањето траеше еден училиштен час. На учениците им беа дадени инструкции за пополнување на тестот за проценка на дислексијата на македонски и албански јазик. Исто така, на учениците им беше укажано дека тестирањето е анонимно и наменето за целите на проектот. Учениците и наставниот кадар во училиштето покажаа голем интерес за тестирањето. Следното училиште во кое се изврши тестирањето беше СУГС „Никола Карев“. Истражувањето во ова училиште се спроведе со помош на училишниот психолог Гордана Спиридонова и училишниот дефектолог Катерина Банџо. Во тој период се посетија градовите Куманово и Кочани. Во Куманово истражувањето се спроведе во средното училиште ОСТУ „Наце Буѓони“ во соработка со училишниот дефектолог Ивана Благоевиќ. Во Кочани се изврши тестирање во средното училиште СОУ „Љупчо Сантов“ со помош на училишниот дефектолог Катерина Крстевска и директорот Миле Лефков.

Скопскиот, Вардарскиот, Југоисточниот и Североисточниот плански регион беа опфатени во текот на октомври, односно во градовите Велес, Гевгелија, Крива Паланка и Скопје. Истражувањето се спроведе во средните училишта СУГС „Зеф Љуш Марку“ (ученици од албанска националност) – Скопје, ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, СОУ „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка. На учениците им беа дадени упатства (на албански и македонски јазик) за пополнување на тестот, како и укажувања за целите на тестирањето и анонимноста на индивидуалните резултати. Истражувањето во сите училишта беше спроведено во соработка со училишните психолози, педагози и дефектолози.

Во ноември истражувањето се спроведе во Полошкиот, Вардарскиот и Југозападниот плански регион. Тестирањето се изврши на учениците од средните училишта „Гостивар“ (ученици од албанска националност), „Добри Даскалов“ – Кавадарци, „Св. Климент Охридски“ – Охрид и „д-р Ибрахим Темо” (ученици од македонска и албанска националност) – Струга. Тестирањето беше применето на учениците од прва година во соработка со стручните служби и наставниот кадар од училиштата.

Истражувањето во Пелагониискиот и Источниот регион се спроведе во текот на декември, каде што беа тестирани учениците од средните училишта „Јосип Броз Тито“ – Битола, „Славчо Стојменски“ – Штип и средното училиште „Кузман Јосифовски Питу“ – Прилеп. И во овие училишта, учениците и наставниот кадар покажаа голем интерес за тестирањето, кое беше спроведено во соработка со психолошко-педагошките служби на училиштата.

По завршувањето на тестирањето на учениците во училиштата од планските региони беа одржани состаноци со раководителите на секторите за образование од сите општини, каде што беше спроведено истражувањето. На овие состаноци беше презентиран проектот „Инфо-сид за дислексија“, како и текот на тестирањето во опфатените училишта.

РЕЗУЛТАТИ

- Статистичка обработка на податоците

За постигнување на целите на истражувањето, како и тестирање на поставените хипотези се употребија следниве статистички постапки:

- Фреквенција или број на ученици со различен степен на изразеност на дислексија
- Процентуални показатели на дислексијата во училиштата
- Пресметка на релијабилноста на тестот со Crombach's Alpha
- Корелација на двата теста за дислексија – Пирсонов коефициент за корелација

Сите податоци беа пресметувани со SPSS статистичкиот програм.
Во истражувањето се добија резултати што ќе ги прикажеме во следните наслови:

Табела 1. Приказ на испитаниците според региони, училишта пол и националност

Табела 2. Присуство на знаците на дислексија кај учениците изразено преку фреквенции и проценти во различни средни училишта во Република Македонија.

Табела 3. Фреквенции и проценти на дислексијата кај учениците од гимназиско и средно стручно образование

Табела 4. Фреквенции и проценти на дислексијата кај машки и женски ученици

Табела 5. Фреквенции и проценти на дислексијата по национална основа

Табела 6. Фреквенции и проценти на дислексија од онлајн тестирање

Табела 2. Присуство на знаците на дислексија кај учениците изразено преку фреквенции и проценти во различни средни училишта во Република Македонија

Градови	Училишта	Вкупно ученици	Не покажуваат знаци на дислексија	%	Покажуваат знаци на умерена дислексија	%	Покажуваат знаци на изразена дислексија	%	Вкупна застапеност на дислексијата	%
Скопје	СУГС "Никола Карев "	259	236	91,1%	18	7%	5	1.9%	23	**8,9%**
	СУГС "Зеф Љуш Марку"	298	259	87%	31	10.4%	8	2.6%	39	**13%**
Тетово	ССОУ "Моша Пијаде"	146	116	79,5%	24	16,4%	6	4.1%	30	**20,5%**
Гостивар	СЕОУ "Гостивар"	62	54	87%	6	9.7%	2	3.3%	8	**12.9%**
Кочани	СОУ "Љупчо Сантов"	132	122	92,5%	8	6%	2	1.5%	10	**7.5%**
Штип	СОУ "Славчо Стојменски"	80	71	88.7%	8	10%	1	1.3%	9	**11.3%**
Велес	ОСУ "Јовче Теличков"	64	55	86%	7	10.9%	2	3.1%	9	**14%**
Кавадарци	СОУ "Добри Даскалов"	147	134	91.2%	11	7.4%	2	1.4%	13	**8.8%**
Прилеп	СОЕПТУ "Кузман Јосифовски Питу"	83	67	80,7%	14	16.9%	2	2.4%	16	**19,3%**
Битола	СОУ "Јосип Броз Тито"	186	171	92%	12	6.4%	3	1,6%	15	**8%**
Крива Паланка	СОУ "Ѓорче Петров"	88	73	83%	12	13.6%	3	3.4%	15	**17%**
Куманово	ОСТУ "Наце Бѵѓони"	211	180	85.3%	26	12,3%	5	2.4%	31	**14.6%**
Охрид	ОСУ "Св. Климент Охридски"	205	184	89.8%	19	9.2%	2	1%	21	**10.2%**
Струга	СОУ "Д-р. Ибрахим Темо"	185	162	87.6%	20	10.8%	3	1.6%	23	**12.4%**
Гевгелија	СОУ "Јосиф Јосифовски"	182	160	88%	19	10.4%	3	1.6%	22	**12%**
Вкупно		**2328**	**2044**	**87.8%**	**235**	**10.1%**	**49**	**2.1%**	**284**	**12.2%**

Табела 3. Фреквенции и проценти на дислексијата кај учениците од гимназиско и средно стручно образование

	Вкупен број на ученици	Фреквенции	Проценти
Гимназиско	1009	111	11%
Средни стручни	566	94	16,6%

***Средните училишта СОУ "Ѓорче Петров", СУГС "Зеф Љуш Марку", СОУ "Д-р. Ибрахим Темо" и СОУ "Јосиф Јосифовски" не се опфатени во оваа анализа бидејќи овие училишта се со мешовита структура на гимназиско и стручно образование.**

Табела 4. Фреквенции и проценти на дислексијата кај машки и женски ученици

	Вкупен број на ученици	Фреквенции	Проценти
Машки ученици	1178	171	14.5%
Женски ученици	1150	113	9.8%

Табела 5. Фреквенции и проценти на дислексијата по национална основа

	Вкупен број на ученици	Фреквенции	Проценти
Македонски ученици	1757	188	10,3%
Албански ученици	571	92	16.1%

Табела 6. Фреквенции и проценти на дислексија од онлајн тестирање

Вкупен број на одговорени тестови	Покажуваат знаци на умерена дислексија	Проценти	Покажуваат знаци на изразена дислексија	Проценти	Вкупно
1627	324–	20%	75	4.5%	24.5%

Од табела број два може да се увиди дека знаци за дислексија кај учениците во испитаните средни училишта се застапени со 12.2%, со што и се потврдува поставената хипотеза број еден. Во Скопскиот регион беа испитани училиштата СУГС „Никола Карев", каде што 7% од учениците покажуваат знаци на умерена дислексија и 1.9% покажуваат знаци на изразена дислексија. Во останатото училиште од Скопскиот регион, односно СУГС „Зеф Љуш Марку" 10.4% од испитаните средношколци покажуваат знаци на умерена дислексија и 2.6% покажуваат знаци на изразена дислексија. Во Полошкиот регион беа опфатени ССОУ „Моша Пијаде", каде што 20.5% од средношколците покажуваат знаци на дислексија и СЕОУ „Гостивар" со застапеност на знаците на дислексија кај 12.9%.

Од Источниот плански регион опфатени беа училиштата СОУ „Љупчо Сантов“ од Кочани со присуство на дислексија кај 7.5% и СОУ „Славчо Стојменски“ од Штип со вкупна застапеност на дислексијата кај 11.3% од испитаните ученици. Истражувањето во ОСУ „Јовче Теличков“ – Велес и СОУ „Добри Даскалов“ – Кавадарци покажаа застапеност на дислексијата кај 14% и 8.8% од испитаните ученици. Во испитаните училишта од Пелагонискиот плански регион, односно СОЕПТУ „Кузман Јосифовски Питу“ – Прилеп и СОУ „Јосип Броз Тито“ – Битола, знаците на дислексија се застапени кај 19.3% од прилепските ученици и кај 8% од учениците во Битолската гимназија. Во Крива Паланка истражувањето се спроведе во СОУ „Ѓорче Петров“, каде што беа испитани 88 ученици од кои 13.6% покажуваат знаци на умерена дислексија и 3.4% покажуваат знаци на изразена форма на дислексија. Во Куманово истражувањето се спроведе во ОСТУ „Наце Буѓони“, каде што 12.3% покажуваат знаци на умерена форма на дислексија и само 2.4% покажуваат знаци на изразена форма на дислексија. Во Југозападниот регион опфатени беа училиштата ОСУ „Св. Климент Охридски“ од Охрид, каде што 10.2% од учениците покажуваат знаци на дислексија и СОУ „д-р. Ибрахим Темо“ од Струга, каде што беа испитани 185 ученици, од кои 12.4% покажуваат знаци на умерена и изразена форма на дислексија. Во Гевгелија истражувањето се спроведе во СОУ „Јосиф Јосифовски“, каде што беа испитани 182 ученици од кои 88% не покажуваат знаци на дислексија, 10.4% покажуваат знаци на умерена дислексија и 1.6% покажуваат знаци на изразена форма на дислексија.

Од табелата број три може да се увидат фреквенциите и процентите на застапеност на дислексијата кај учениците од средното гимназиско и стручно образование, односно кај гимназиското образование беа испитани 1009 ученици, каде што дислексијата е застапена со 11%, додека, пак, кај стручните средни училишта беа испитани 566 ученици, од кои 16.6% покажуваат знаци на дислексија.

Од табела број четири можеме да заклучиме дека од вкупниот број на 1178 машки ученици од испитаните средни училишта дислексијата е застапена со 14.5% и кај женските ученици од испитаните училишта дислексијата е застапена со помал процент, односно со 9.8%.

Од табела број пет може да се увиди дека беа испитани 1757 ученици од македонска националност, меѓу кои дислексијата е застапена со 10.3%, а кај 571 ученици испитани од албанска националност, дислексијата се појавува со 16.1%.

Од табела број шест се докажува дека од 1672 одговорени онлајн-тестови 324 испитаници покажуваат знаци на умерена форма на дислексија и 75 испитаници покажуваат изразена форма на дислексија, што процентуално изразено е 20% умерена форма на дислексија и 4.6% покажуваат знаци на изразена форма на дислексија. Вкупната изразеност на дислексија во онлајн-испитувањето е 24.6%.

Иако прашалникот е составен од внимателно избрани прашања со кои може да се процени можноста за присуство на дислексија, треба да се има предвид дека постои можност учениците што имаат потешка форма на дислексија, да не разбрале дел од прашањата и поради тоа да не дале искрени одговори што соодветствуваат на нивната состојба. Исто така, постои можност дел од учениците што имаат дислексија, да не дале искрени одговори поради стекнатата навика да ги прикриваат недостатоците, иако тестирањето беше анонимно.

ЗАКЛУЧОК

Со добиените резултати се заклучи дека знаците на дислексија (умерена и изразена) кај учениците во прва година во испитаните средни училишта е застапена со 12.2%. Во поставената хипотеза 1 се очекуваше изразениот степен на дислексија да е застапен кај 2 до 4% од средношколците. Со ова истражување се докажа дека изразениот степен на дислексија е застапен на долната граница, односно 2,1%. Со добиените резултати се потврди првата зададена хипотеза на истражувањето за застапеноста на дислексијата помеѓу учениците во средните училишта.

Резултатите добиени од истражувањето за степенот на застапеност на дислексијата во средните училишта со гимназиско и стручно образование потврдија дека кај учениците од стручните училишта има поголем степен на дислексија отколку кај учениците од гимназиското образование (Хипотеза 2). Во истражувањето беа опфатени шест средни училишта со гимназиско образование, пет средни училишта со стручно образование и четири средни училишта во кои има гимназиски и стручен смер. Во анализата за застапеноста на дислексијата во гимназиите и средните стручни училишта не беа вклучени училиштата СОУ „Ѓорче Петров“, СУГС „Зеф Љуш Марку“, СОУ „д-р. Ибрахим Темо“ и СОУ „Јосиф Јосифовски“ поради мешовитата структура на гимназиско и стручно образование. По анализата на резултатот се потврди и Хипотезата 3, односно дека дислексијата е во поголем процент застапена во средните стручни училишта отколку средните гимназиски училишта, односно 11% наспроти 16.6%.

Хипотезата 3 исто така се потврдува. Односно кај учениците од албанска националност, застапеноста на дислексијата е изразена со 16.1% од вкупно испитаните ученици додека, пак, кај учениците од македонска националност, дислексијата е застапена кај 10.3% од вкупниот број испитаници.

Хипотезата 4, со која се тврди дека дислексијата е позастапена кај учениците од машкиот пол отколку кај учениците од женскиот пол, се потврдува. Дел од светските статистики велат дека преваленцијата на дислексијата е поголема кај машката популација. Од таа причина се постави и оваа хипотеза, која со анализата на резултатите беше потврдена. Од анализирањето произлезе дека дислексијата кај испитаните женски ученици е застапена кај 9.8% од вкупно испитани 1150 ученици. Спротивно на тоа, дислексијата кај машките ученици е застапена кај 14.4% од вкупно 1178 испитани ученици.

ПРЕПОРАКИ

Како цел на проектот „Инфо-сид за дислексија“, покрај истражувањето за застапеноста на дислексијата помеѓу средношколците, беше поставена и подготовка на препораки за државните органи задолжени за креирањето на образовните политики и локалните власти, со цел да се постигне нивна поголема посветеност и ангажирање за формирање адекватни образовни услови и целосна инклузија на учениците со дислексија.
Како појдовна основа за подготовка на препораките беше користено истражувањето за застапеноста на дислексијата кај учениците и состаноците што беа одржани со училишните раководства и претставниците на секторите за образование од опфатените општини.

Препораки:

1. **Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието да ги земат предвид досегашните истражувања што укажуваат на висок процент на застапеност на дислексијата и да направат план и програма за подобрување на условите за образование на учениците што имаат тешкотии во учењето, во соработка со стручни лица за дислексија.**

2. **Локалната самоуправа да им овозможи обука за основни познавања за дислексијата на вработените во секторите за образование.**

3. **Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование да утврдат дефиниција за дислексијата и опис на состојбата, во соработка со стручни лица за дислексија.**

4. **Локалната самоуправа да им овозможи обука за основни познавања за дислексија на сите стручни соработници и професори од средните и основните училишта.**

5. **Министерството за образование да даде институционална поддршка на локалните самоуправи во развој на програми за основни и средни училишта за обука на стручен кадар за работа со деца со дислексија.**

ЛИТЕРАТУРА

1. British dyslexia association http://www.bdadyslexia.org.uk/dyslexic/definitions

2. Neil MacKay (2015) “Dyslexia friendly school”

3. Славица Тасевска Николовска (2017) “Прирачник за идентификација и поддршка на учениците со дислексија”

4. Dr. sc. Marija Kavkler, Dr. sc. Lidija Magajna, Mr. sc. Milena Košak Babuder, Barbara Zemljak, Lia Janželj, Minka Andrejčić DISLEKSIJA – vodič za samostalno učenje studenata i učenika
Projektna skupina ISHEDS TEMPUS projekta „Identification and Support in Higher Education for Dyslexic Students (ISHEDS)“ - 144878-TEMPUS-2008-UKJPGR
Zagreb, 2010

ПРИЛОГ 1

Тест за проценка на дислексија
Упатство за пополнување:
Следните изјави го опишуваат начинот на кој се однесуваш при учење или читање. Прочитај ја секоја изјава внимателно и ОДБЕРИ ОДГОВОР КОЈ НАЈДОБРО ГО ОПИШУВА НАЧИНОТ НА КОЈ ЧИТАШ ИЛИ УЧИШ. Работи брзо и одговарај според твојот прв впечаток и продолжи понатаму. Не се задржувај на ниту еден детаљ.
Одговори на секоја од изјавите на начинот на кој се чувствуваш во моментот додека ги читаш. Запомни, нема точен или погрешен одговор за ниедна изјава и биди искрен/а колку што можеш. Ова анкетно истражување е целосно анонимно и нема потреба да внесувате ваши лични податоци.
Одговорот кој најмногу се однесува на тебе обележи го со ✓ во соодветното поле и запомнете можен е само еден одговор.

- **Наведете го вашиот пол :**

◯ **Машко**
◯ **Женско**

1. **Имав тешкотии додека да ја научам азбуката.**

◯ **Воопшто не се однесува на мене**
◯ **Малку се однесува на мене**
◯ **Понекогаш се однесува на мене**
◯ **Често се однесува на мене**

2. **Тешко ги одредувам насоките лево и десно.**

◯ **Воопшто не се однесува на мене**
◯ **Малку се однесува на мене**
◯ **Понекогаш се однесува на мене**
◯ **Често се однесува на мене**

3. **Имам слаба самодоверба.**

◯ **Воопшто не се однесува на мене**
◯ **Малку се однесува на мене**
◯ **Понекогаш се однесува на мене**
◯ **Често се однесува на мене**

4. **При писмена работа правам граматички грешки при употреба на мала и голема буква и употреба на интерпункциски знаци (точка, запирка, извичник и др.) .**

◯ **Воопшто не се однесува на мене**
◯ **Малку се однесува на мене**
◯ **Понекогаш се однесува на мене**
◯ **Често се однесува на мене**

5. Кога зборувам тешко ми е да го најдам вистинскиот збор за да именувам или да опишам нешто.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

6. Ми се случува да добијам ненадејна желба да нацртам или да направам нешто креативно.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

7. Чувствувам дека сум различен/а од другите во однос на тоа како ги разбирам работите како што се двосмислени работи, вицови, хумор, метафори и слично .

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

8. Тешко ми е да запомнам повеќе инструкции одеднаш и се чувствувам збунето.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

9. Полесно учам кога материјалот ќе го поделам во делови и/или шематски ќе го прикажам.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

10. Подобро го разбирам материјалот кога ми чита некој друг.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

11. Родителите и наставниците ми велат дека не се трудам доволно, иако тоа не е така.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

12. И покрај тоа што се трудам ме нарекуваат “ мрзелив“, “ глупав“, “ неодговорен“, “ незрел”.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

13. Имам проблем со разбирањето на текстуалните задачи по математика.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

14. Ми се случува да добивам послаби оценки и покрај тоа што сум го учел материјалот.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

15. Ми се случува да го губам редот при читање.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

16. Често избегнувам да читам и пишувам.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

17. Применувам трикови за да избегнам читање на глас за време на часот.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

18. Имам проблем при пренесувањето на идеите во пишана форма.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

19. Никогаш не го разбрав римувањето на зборови, и се уште тешко можам да направам рима.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

20. Родителите и наставниците ми велат дека при пишување испуштам букви, заменувам букви и зборови, испуштам интерпункциски знаци и дека не ја знам употребата на мали и големи букви.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

21. Имам чувство дека буквите ми се замаглуваат, се губат или се движат додека читам.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

22. Во основно училиште бев исмеван/а поради моето читање.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

23. Се чувствувам нервозно кога треба да читам на глас пред јавност.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

24. Имам проблем да го разберам тоа што го читам и после повеќе пати прочитано.

◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

25. Се заморувам после неколку прочитани страници.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

26. Ме збунуваат слични букви како што се: “Џ“ и “Ц“, “Љ“ и “Њ“, “Ќ“ и “Ѓ“ ,“Т“ и “Г“ , “Х” и “Ж”.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

27. Имам проблеми кога треба да препишувам од табла.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

28. Ми се случува да имам решение за одреден проблем, а да не можам да го образложам решението.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

29. Ме збунуваат кратките зборчиња во реченицитe: од, до, за, по, го, му ...
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

30. Се уште тешко читам.
◯ Воопшто не се однесува на мене
◯ Малку се однесува на мене
◯ Понекогаш се однесува на мене
◯ Често се однесува на мене

Ви благодариме